ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Дара Арсова, постапувајќи по предлогот за отворање на стечајна постапка над имотот на должникот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес, по одржаното рочиште за испитување на условите за отварање на стечајната постапка во присуство на привремениот стечаен управник Весела Петрулева од Велес, полномошникот на доверителот-предлагач адвокат Трајче Наумов од Велес и застапникот по закон на должникот -управител Марјан Коцев од Велес, на ден 18.09.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОТВОРА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА над должникот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Прохор Пчински бр.50, Велес со единствен матичен број на субјектот 6844561, со единствен даночен број 4004013509697, со жиро сметка бр.210068445610136 во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, бр.270068445610143 во Халк Банка АД Скопје, бр.290000001510729 во ТТК Банка АД Скопје и бр.300270000139945 во Комерцијална Банка АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 47.78 - Друга Трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници.

Стечајната постапка е отворена на ден 18.09.2024 година во 09:00 часот.

За СТЕЧАЕН УПРАВНИК на стечајниот должник се именува Весела Петрулева од Велес, ул.Благој Ѓорев бр.104-а/18, тел. 078-260-998.

СЕ ПОВИКУВААТ доверителите да ги пријават своите побарувања до стечајниот управник во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, со доказ за платена судска такса во износ од 480,00 денари.

СЕ ПОВИКУВААТ доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“ до стечајниот управник да ги пријават своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги. Доверителите се должни да ги пријават и своите разлачни права на подвижните предмети и на правата на должникот што се запишани во регистрите во кои тие предмети односно права се запишани. Во пријавата мора да се означат предметите на кои постои разлачно право, начинот и основата на заснованието на тоа право како и средствата за обезбедување на побарувањата. Доверителот кој без оправдана причина намерно ќе пропушти да поднесе пријава или ќе одолговлекува со поднесувањето на пријавата, одговара за штетата која поради тоа би можела да настане. Разлачните доверители кои не поднеле пријава за одвоено намирување во определениот рок не го губат правото на одвоено намирување од предметот на разлачното право во стечајната постапка.

СЕ ПОВИКУВААТ должниковите должници своите обврски кои ги имаат спрема должникот да ги исполнат кај стечајниот управник.

СЕ ЗАКАЖУВА рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања на доверителите (испитно рочиште) на ден 21.11.2024 година во 09:00 ч. во судница бр.1 на Основен суд Велес.

СЕ ЗАКАЖУВА Собрание на доверители на кое, врз основа на извештајот на стечајниот управник доверителите ќе одлучуваат за понатамошниот тек на постапката (извештајно собрание) на ден 21.11.2024 година во 09.30 ч. во судница бр.1 на Основен суд Велес.

Отворањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишани права врз недвижности на стечајниот должник и во други соодветни регистри. Примерок од решението да се достави до: Централен Регистар на РСМ - РРК Велес, Агенција за катастар на недвижности – Одделение за катастар на недвижности Велес, МВР-СВР Велес, Министерство за финансии -Управа за јавни приходи -РД Прилеп, Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, како и носителите на платниот промет каде должникот има жиро-сметки.

Да се објави оглас во „Службен весник на РСМ“, на огласна табла на Основен суд Велес и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на РСМ.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

До овој суд од страна на доверителот Трговско друштво за производство, промет и услуги на големо и мало ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ увоз-извоз ДОО Велес поднесен е Предлог за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги АГРО-МАРКЕТ К и Б ДООЕЛ Велес.

При претходно испитување на предлогот во смисла на чл.53 ст.1 од Законот за стечај судот најде дека кон предлогот се доставени потребните докази за да може да се постапува по истиот.

По задолжение на судот, предлагачот на ден 07.08.2024 година достави доказ за извршена уплата на аванс за покривање на трошоците на претходната постапка во износ од 25.000,00 денари, а во смисла на чл.53 ст.3 од Законот за стечај.

Со Решение СТ.бр.11/2024 од 08.08.2024 година судот поведе претходна постапка за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот, закажа рочиште за изјаснување по предлогот, именуваше привремен стечаен управник, а судот ги определи и следните мерки за обезбедување: одреди општа забрана за располагање со имотот на должникот, забрани одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот, забрани исплати од сметката на должникот, го задолжи привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката. Со решението судот ги повика должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот, а го задолжи должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и неговата деловна документација.

На одржаното рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, предлагачот преку полномошникот остана кон предлогот, наведе дека го примил извештајот од привремениот стечаен управник, нема забелешки на истиот и предложи судот да отвори стечајна постапка.

Застапникот по закон на должникот на рочиштето наведе дека го примил извештајот од привремениот стечаен управник, нема забелешки на истиот.

Привремениот стечаен управник на рочиштето наведе дека од прибавената книговотствена евиденција на должникот за периодот од 2019 до 2024 година и од увид во фактичката состојба на приложените докази извлечени се следните заклучоци и сознанија: должникот за анализираниот период не поседува недвижен имот, нема акции и удели во други друштво како и воспоставен залог, поседува подвижен имот и тоа: три моторни возила кои што се опишани со потврдата издадена од СВР Велес, материјални средства од 163.548,00 денари, зарабени парични средства на жиро сметките во деловните банки преку кои ја обавувал дејноста согласно приложените потврди. Врз основа на книговоствената документација, констатирано е дека должникот има побарувања од купувачи со книговоствена вредност 6.804.314,00 денари како и побарување по дадени заеми во износ од 243.600,00 денари. Должникот заклучно со 2023 година располага со залиха на роба во книговоствена вредност од 19.086.869,00 денари, која на денот на увид на лице место ја нема а исто така и не евидира во заклулниот лист за 2024 година. Должникот има и обврски во вкупен износ од 30.054.506,00 денарии истите се однесуваат на обврски кон добавувачи во износ од 24.586.617,00 денари, обврски по заеми и кредити од 459.071,00 денари, кон вработени од 267.962,00 денари, персонален данок износ од 1.604.640,00 денари, данок по други основи износ од 136.741,00 денар и

данок од добивка износ од 45.023,00 денари. Врз основа на вака разгледаната ситуација смета дека се исполнети условите за отварање на стечајна постапка на должникот ДПТУ АГРО МАРКЕТ К и Б дооЕ Велес и предлага истата да се отвори и да се спроведе бидејќи должникот поседува имот кој преставува основ за потенцијална стечајна маса со која може да се намират трошоците на стечајната постапка и обврските спрема доверителите. Наведе дека поради техничка грешка во извештајот што го доставила во судот на 17.09.2024 година, во мислењето е наведен чл.68 ст.1 од Законот за стечај, а треба да стои чл.69 од Законот за стечај со оглед да мислењето се однесува да отворената стечајна постапка се спроведе поради постоење на имот.

Имајќи ги во предвид наводите на доверителот-предлагач, на стечајниот должник како и на привремениот стечаен управник дадени на рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка, како и врз основа на изведените докази и тоа увид во: тековна состојба за предлагач од 29.07.2024 година на ЦР на РСМ, тековна состојба за должник од 29.07.2024 година на ЦР на РСМ, спогодба со својство на извршна исправа ОДУ бр201/23 од 19.04.2023 година на Нотар Гоце Ѓуракоски од Велес со потврда за извршност на ден 10.06.2024 година, историјат на промени за должник од 12.07.2024 година на ЦР на РСМ, потврда бр. 0816-20/3 од 01.08.2024 година, уверение од АКН од 12.08.2024 година, извадок од Сл. весник на РСМ бр.176 од 23.08.2024 година, извештај за економско финасиска состојба на должникот примен во судот на 17.09.2024 година, потврда Рег. бр.12-1.6-7/414 од 16.09.2024 година со прилог податоци на три листа, потврда од Заложен регистар и регистер за лизинг од 30.08.2024 година со прилог потврда од регистар за лизинг, уверение од 30.08.2024 година на АКН, потврда бр. 08-3026/2 од 20.08.2024 година на ЦДХВ АД Скопје, извештај за состојба на сметка на имател на сметка бр.15107-29 од 03.09.2024 година на ТТК Банка АД Скопје со прилог бонитет на сметка за период од 01.02.2013 година до 03.09.2024 година, бонитет на сметка од Халк Банк АД Скопје издадена на 03.09.2024 година со прилог податоци за учесник во платен промет, извештај за состојба на платежна сметка на Комерцијална Банка АД Скопје од 03.09.2024 година со прилог картица за блокада на сметка, податоци за учесник во платен промет од НЛБ Банка АД Скопје со состојба до 02.09.2024 година, биланс на состојба за 2019 година, 2020 година, 2021 година и 2023 година, судот утврди дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над стечајниот должник.

Имено, од изведените докази и тоа од потврда од 01.08.2024 година издадена од ЦР на РСМ - РРК Велес, судот утврди дека должникот е неспособен за плаќање во период поголем од 45 дена во кој од неговите сметки кај носителите на платниот промет не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечки основ за плаќање.

Од Извештајот на привремениот стечаен управник и приложените докази кон истиот, недвосмислено произлегува дека должникот поседува подвижен имот и тоа: три моторни возила кои што се опишани со потврдата издадена од СВР Велес, материјални средства од 163.548,00 денари, зарабени парични средства на жиро сметките во деловните банки преку кои ја обавувал дејноста согласно приложените потврди, врз основа на книговоствената документација, констатирано е дека должникот има побарувања од купувачи со книговоствена вредност 6.804.314,00 денари како и побарување по дадени заеми во износ од 243.600,00 денари, дека должникот заклучно со 2023 година располага со залиха на роба во книговоствена вредност од 19.086.869,00 денари, која на денот на увид на лице место ја нема а исто така и не евидира во заклулниот лист за 2024 година.

При ваква состојба, во конкретниот случај судот најде дека се исполнети законските претпоставки за отворање на стечајна постапка предвидени во чл.4, чл.5 и чл.6 од Законот за стечај, па согласно чл.66 ст.1 в.в. 69 в.в. чл.19 ст.1 т.2 од Законот за стечај следуваше да одлучи како во изреката.

Согласно чл.31 ст.1 и ст.3 в.в. чл.69 ст.1 од Законот за стечај, судот на предлог на доверителот-предлагач содржан во предлогот за отворање на стечајна постапка, за стечаен управник ја именуваше Весела Петрулева од Велес.

Врз основа на одредбите од чл.69, чл.70 и чл.72 од Законот за стечај, судот закажа испитно рочиште и извештајно собрание, ги повика доверителите и разлачните

доверители да ги пријават своите побарувања согласно законот, ги повика должниковите должници да ги исполнат своите обврски спрема должникот, определи отварањето на стечајната постапка да се запише во трговскиот регистар, во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите и во други соодветни регистри и определи да се објави оглас согласно чл.71 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, СТ.бр.11/2024 од 18.09.2024 година

Стечаен судија
Дара Арсова

ПРАВНА ПОУКА:
Согласно чл.73 ст.2 од Законот за стечај,против ова решение само должникот има право на жалба
во рок од 8 дена од денот на приемот, преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

ДН:
- Стечаен управник Весела Петрулева од Велес
- должник
- предлагач-доверител -преку полномошник
- огласна табла и веб страна на судот
- ЦР на РСМ РРК Велес
- ОЈО Велес
- АКН Велес
- МВР-СВР Велес
- МФ УЈП РД Прилеп,
- ЦДХВ АД Скопје,
- НЛБ Тутунска Банка АД Скопје,
- Халк Банка АД Скопје
- ТТК Банка АД Скопје
- Комерцијална Банка АД Скопје
- Извршители и нотари за подрачје на Велес -преку службен е-маил.